ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# Апстракт од конечен ревизорски извештај

**Клучни субјекти опфатени со ревизорскиот извештај:**
Национална установа Филхармонија на РСМ

**Предмет на ревизија:**
Ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на сметка на основен буџет (603) за 2020 година

**Цел на ревизијата:** Да се добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи земени како целина се ослободени од материјално погрешни прикажувања.

**Клучни утврдени состојби:**
- пропусти при реализацијата на активностите при нови вработувања и не усвоен акт за реаудиција на веќе вработените лица во установата;
- нецелосно извршен попис од средствата со кој располага установата и неевидентирана опрема;
- недостатоци во поткрепувачката документација при признавањето на основаноста на дел од применете фактури за стоки и услуги;
- утврдени слабости кај дел од спроведените постапки за јавни набавки.

**Издадено мислење*:**
Изразено е неповолно мислење во однос на вистинитото и објективното прикажување на финансиската состојба и резултатите од финансиските активности и за усогласеноста на финансиските трансакции со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставените политики за 2020 година.

**Клучни препораки:**
- подобрување на нивото на транспарентност при реализација на нови вработувања и спроведување на постапка за реаудиција;
- спроведување на целосен попис и евидентирање на целокупната опрема која не е евидентирана;
- подобрување на нивото на конкуренција при реализација на постапките за јавни

**Клучни системски слабости:**
- слабости во делот на финансирањето на установите од областа на културата,
- интензивирање на активностите за формирање на работната група на Министерство за култура, Македонската опера и балет и Македонската филхармонија во соработка со Македонската радио-телевизија за спроведување на акциски план за развој на културата преку анализа на потребните и расположливите кадровски капацитети во насока на целосна реализација на Национална стратегија за развој на културата во Република Македонија
- слабости при вработување на категоријата А уметници во Националните установи што влијае на остварување на квалитет во работењето.

**Добиени забелешки на Нацрт извештај:**
Добиени се забелешки на Нацрт извештајот од страна на директорот на установата и поранешниот директор .

**Одговор на добиени забелешки:** две од забелешките се прифатени додека останатите претставуваат коментар за констатираните состојби, а преземените мерки се прифатени и обелоденети во Конечниот извештај на ОДР.

*** позитивно, со резерва, неповолно, воздржување**

ул. Јордан Мијалков, Палата „Емануел Чучков“, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Pallata „Emanuel Çuçkov“, Rr. „Jordan Mijallkov“, 1000 Shkup, Republika e Maqedonisë së Veriut
Jordan Mijalkov St. Palata Emanuel Cuckov, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
T: +38923211262, www.dzr.mk, dzr@dzr.gov.mk